# THE DEVELOPMENT OF THE CULTURE, EDUCATION AND LIBRARIES IN THE MIDDLE EASTERN EUROPE

**Suzana Kotovchevska**
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Faculty of Pedagogy „St. Kliment Ohridski"– Skopje, Republic of Macedonia, suzana_kot@yahoo.com

**Abstract:** The word library comes from the Greek word biblion + book and thēkē + storehouse, depot, bookcase or bookshelf, a book room, which originally meant a place where books were left. It essentially means an arranged collection of books, a room, or a building in which such collections are located. Libraries throughout the ages are constantly changing and enriching with new content, new constructive solutions, new stylistic features that symbolize certain epochs. Each epoch leaves indelible traces in their architectural composition, their shape and in the rich decoration of the interior. New changes have always been a function of the growing demands of libraries and their functionality, which correlated with the continued growth of book funds, book collections, their placement, the manipulation of functional organization sequences and constructive solutions. The development of libraries and library collections in newly established universities in Medieval Europe and the rich monastery and church collections in their libraries give a strong stamp on the new wave of cultural life in Europe. These are the new cultural centers and a solid cultural and educational foundation for their flourishing and further development and further development of civilization living in the new European historical epochs that will follow in the further significant civilization cultural period of the development of cultural Europe to date.
**Keywords:** libraries, history, feudalism

# РАЗВОЈОТ НА КУЛТУРАТА, ОБРАЗОВАНИЕТО И БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СРЕДНОВЕКОВНА ЕВРОПА

**Сузана Котовчевска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, Република Македонија, suzana_kot@yahoo.com

**Абстракт:** Зборот библиотека потекнува од грчкиот збор biblion + книга и thēkē + магацин, депо, склад, сандук или полица за книги, просторија за книги, што првично во превод означуваше место каде што се оставени, односно сместени книгите. Тоа во суштина означува средена збирка на книги, просторија или зграда во која се наоѓаат таквитез бирки. Библиотеките низ епохите непрекинато се менуваат и се збогатуваат со нови содржини, со нови конструктивни решенија, со нови стилски карактеристики кои симболизираат определени епохи. Секоја епоха остава неизбришливи траги во нивната архитектонска композиција, нивниот облик и во богатата декорација на ентериерот. Новите промени секогаш биле во функција на зголемените барања од библиотеките и нивната функциналност која била во корелација со непрекинатиот пораст на книжните фондови, збирките на книги, начинот на нивното сместување, манипулирање со консеквенци нафункционалнатаорганизација и наконструктивнитерешенија.Развојот на библиотеките и библиотечните збирки во новоформираните универзитети во Средновековна Европа и богатите манастирски и црковни збирки во нивните библиотеки даваат силен печат во новиот бран на културното ѓивеење во Европа. Тоа се новите културни јадра и цврср културен и образовен фундамент за нивен процут и понатамошен развој и понатамошен развој на цивилизациско живеење во новите европски историски епохи кои ќе следат во понатамошниотзначаен цивилизациски културен период на развојот на културна европа до денес.
**Клучни зборови:** библиотеки, историја, феудализам

## 1. ВОВЕД

Во периодот од XI-XV век настапиле значајни промени во економскиот и културниот живот на феудалното општество. Новонастанатиот - квалитативно подобар севкупен општествен амбиент во голема мера имаме благопријатно влијание врз развојот и зацврстувањето на феудализмот како општествен поредок. Забрзаниот и поинтензивен економски и општествен развој значително ги заживеа старите градови во Европа. Голем дел од старите европски градови се претвориле во центри на занаетчиството и трговијата: Венеција, Ѓенова, Пиза, Неапол, Фиренца и други градови во Италија, а во јужна Франција значителен печат даваат градовите

Марсеј, Ара, Монпеље и др. Градовите во Северна Франција, Холандија, Англија и Југозападна Германија почнуваат да се издигнуваат од X-XI век.

Исто така, во периодот помеѓу X и XI век, старите градови во Источна Европа-Киев, Чернигов, Смоленск, Новгород и други во времето на развиениот феудализам се претвориле во центри на развиените занаети и трговија.

Во исто време старите градови во Европа се развиле и во центри на феудалната култура. Крстоносната војна кои започнале кон крајот на XI век и траеле до крајот на XIII век (со определени прекини), оставале неизбришливи траги во економското и културното живеење на феудалното општество. Како резултат на долготрајните крстоносни походи, западноевропските држави завладеале со трговските комуникации на Средоземното Море кои дотогаш биле под контрола на Византија и другите држави на Источниот Медитеран. Контролата и користењето на новите трговски коридори ја заживувале трговијата помеѓу Запад и Исток и го забрзало економскиот подем на феудалните држави во Западна Европа. Од ново настанатата геополитичка и геоекономска ситуација во овој период, со најголема корист и доминација се стекнале градовите на Северна Италија. Нивниот развој кулминира после четвртата крстоносна војна кога Византија ја губи супремацијата во областа на трговијата. Се позабрзаниот економски развој на северно италијанските градови го иницираше и процесот на пројавување на раните капиталистички односи во европскиот медитерански простор. Покрај големите разурнувања и огромни штетни последици предизвикани од долготрајните крстоносни походи, европските држави биле изложени на силно културно влијание од контактите на повисоката материјална и духовна култура која низ вековите се развивала на Исток. Голем дел од културните вредности и придобивки кои се негувале од народите на Исток биле пренесувани и прифаќани во феудалните европски држави и градови. Само за илустрација, францускиот крал Лудвик IX Светиот, поттикнат од примерот на турскиот султан им наложил на посебни лица да ги купуваат и препишуваат највредните ракописи кои можеле да се пронајдат во „новите држави“. Крајната цел била вредните дела на Истокот да се користат за приватно културно издигнување на францускиот крал.

## 2. СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ, МАНАСИРИ И УНИВЕРЗИТЕТИ – НОВИ КУЛТУРНИ ЖАРИШТА ВО ЕВРОПСКАТА КУЛТУРА

Новиот културен и економски амбиент на средновековните европски градови им ги овозможи почетоците во развојот на градската култура која во поранпот период се уште не била одделена од културата на селските маси. Раната градска култура со својата анти феудална насоченост провела своевидна дистинкција од феудално-црковната култура на владејачката феудална класа. Новите севкупни односи во оваа сфера силно влијаеле врз појавата на новиот вид градски, нецрковни училишта и универзитети. Првите универзитети се пројавиле во XII век во Италија и Шпанија . Во втората половина во XII век во Оксфорд бил основан првиот универзитет во Англија. Уште во 1200 година со кралски декрет, Парискиот универзитет се стекнал со правата на високообразовна институција. Новиот бран на формирање универзитети продолжува и во XIV век кога биле основани значителен број на универзитети во Прага, Краков и др. европски центри. Со нивното континуирано формирање, нивната бројка во почетокот на XVI век се зголемува на 65 универзитетски центри во чии состав неизоставно дејствувале и библиотеки првенствено наменети за потребите на наставната и истражувачката дејност.

Нивното се позабрзано пројавување предизвикало силна загриженост во католичката црква како резултат на нарушениот долго вековниот монопол и доминација во образовната и научната дејност. Нивните претставници целосно се мобилизирале за енергична борба со светската наука и култура. Нивната прва победа на овој план се манифестирала со промена на раководството на универзитетите и со појавата на големиот број црковни (епископски) училишта во сите големи градови.

Кон средината на XIII век, католичката црква најнапред успешно се справила со Парискиот универзитет. Со специјална наредба (була)на папата Александар IV, од составот на овој Универзитет биле избрани сите предавачи кои биле „декларирани“ како противници на црквата. На нивното место биле испратени теолози од доминиканскиот и францисканскиот ред. Богословските катедри во овој период постануваат водечки во составот на универзитетите со што биле пресечени корените на прогресивната наука. На сцената настапила и силно ги зајакнала своите позиции средновековната универзитетска наука - схоластиката. „Новата“ наука се карактеризирала со силното поклонение кон „авторитетите“, првенствено црковни, како и целосното елиминирање на научните експерименти како методи за откривање на научната вистина. Схоластичарите своите докази ги црпеле првенствено од содржините на Светото писмо.

За овој период од развојот на научната мисла и универзитетите во Европа е карактеристично и тоа што се појавиле одделни прогресивни умови кои се издигнувале среде схоластичкото мислење, догмите и тајните на црквата. Нивните пишувања биле насочени кон подвргнување на критика на основните поставки на

схоластичката филозофија и теологија. Но и покрај жестоката расправа и спротивставување на католичката црква со сите слободоумни научници, многу од експерименталните науки, физиката, хемијата, астрономијата почнале да постигнуваат првични забележителни успеси..

Но и покрај сите интелектуални блокади, раниот период во развојот на схоластиката предизвикал и определени сериозни позитивни поместувања и промени. Схоластичарите продолжиле со проучувањето на богатото античко наследство, иако со фокусирање само на определени претставници – примерот со Аристотел. Поголемиот број од схоластичките претставници биле познати учени луѓе со голем авторитет, луѓе кои се занимавале со проучување на многу научни дисциплини вклучувајќи ги и природните науки. Еден од најистакнатите претставници на схоластичката наука е Абелар (1079-1142) кој е заслужен за формирањето на Парискиот универзитет. Тома Аквински кој е препознатлив и со својата „Summa Theologiae“ – енциклопедија на средновековниот мироглед.

Во овие општествени услови, најзначајно и пресудно е влијанието на католицизмот во областа на науката, амбиент во кои се развивале и библиотеките во периодот од XI-XV век.

После каролинскиот период, после IX век до крајот на XIII век, центри на културниот живот и живеење се уште се манастирите. Во овој контекст неопходно е да потенцираме дека до XII век се забележува сеопшто опаѓање на интересот за класиците и световната литература. Во тој период доминираат делата на црковните отци – т.н. патристичка теолошка литература. Карактеристична за овој период (посебно од XII век) е дека имаме тренд на заостанување на манастирските и црковните библиотеки како резултат од лошите состојби во кои западнале старите монашки редови.

Реформите во XV век за кратко време ја повратиле славата од минатото, но новото време на културната сцена промовирало и нов тип на библиотеки. Во многу стари и богати манастири монасите се поретко се занимавале со препишување на книги. За илустрација, во Сан Галенскиот манастир, кон крајот на XIII век целосно престанало препишувањето на книги, состојба која е карактеристична и за Француските и англиските манастири. Монасите наместо со препишување на старите ракописи почнале да се занимаваат со продажба на старите и вредни библиотечни книги. Во манастирот Корби почнале да ангажираат други препишувачи на книги кои требало да ги заменат монасите. Овие ново настанати состојби уште повеќе ја влошиле позицијата на црковните и манастирските библиотеки кои се повеќе и повеќе се занемарувале. Тие се повеќе и повеќе „пропаѓале и тонеле во пепелта на заборавот“.11

Библиотечните збирки и во овој период биле мали и во поголемите манастири ретко ја надминувале бројката од 600 сврзоци, односно многу ретко достигнувале 1000 сврзоци.

Војните, уништувањата, кражбите и неконтролираното позајмување претставувале најчести непријатели на средновековните библиотеки. Сепак, нивниот најголем непријател се наоѓа во зголеменото опаѓање на интересот за културниот живот во тоа време. Во манастирите имало неписмени монаси, како и неписмени старешини на манастирите (опати).Некои манастири во тоа време го преполовиле книжниот фонд за два пати во споредба со периодот од изминатите четири векови порано. Во скрипториумите во кои се уште не престанало пишувањето, се препишувале само книгите со теолошка содржина. Во X век нешто зголемена активност и културно живеење се забележува во катедралните училишта и библиотеките во бискупиите.

Оваа темна слика не е карактеристична за германските манастири, како и за манастирите во Италија каде што работата на книгите не престанала уште од античките времиња. Но и во овие библиотеки и манастири не се водела доволна грижа за делата од светски карактер. Од оваа средновековна слика единствено се издвојувале господарите на Сицилија кои располагале со богати библиотеки и вредни дела на арапски, еврејски, грчки и латински јазик.

На југот на Италија, обновениот манастир Монта Касино во X век ја продолжува својата работа. Во XI век во манастирот работи јак скрипториум во кои се размножуваат претежно дела од црковната литература, како делата на римските писатели Тацит и Апулеј, дела од областа на медицината, математиката, правото и историјата. Периодот на опатот Дезидерај (во 1087 година) се смета за златна доба на манастирот Монте Касино, период во кои се преведуваат дури и дела од областа на медицината на арапски јазик.

Интензивната дејност околу размножувањето на книгите продолжува се до половината на XII век. Во Монте Касино егзистирала и силна манастирска школа во која се изучувале т.н. седум слободни вештини во тривиумот (тригодишен курс), и тоа : граматика, реторика и дијалектика, а во квадривиумот (курс од 4 години)- аритметика, музика, геометрија и астрономија, како повисок степен.

[11]Види поопширно: Handbuch der Bibliothekswissenschaft. Bd. 3. Geschichte der Bibliotheken. Leipzig. 1940. P.235.

Книгите таму се препишувале и во XIV век, додека во библиотеките со голем интерес се читаат и делата од медицинските писатели, историчари и реторичари. Библиотечната должност најчесто ја вршел опатот на манастирот што недвосмислено говори и сведочи за високиот углед на библиотеките во тоа време.
Во средновековната Германија со текот на времето биле подигнати повеќе од 1000 манастири. Но после каролинската ренесанса, во нив значително опаѓа интересот за книгите и библиотеките. Значајно место во културниот живот во Германија во тоа време зазема манастирот Корвеј. Во овој манастир, во 1509 година биле откриени првите шест книги на Тацитовите Анали.
Познатиот манастир Фулда во XI век значително го губи својот престиж, така што во XII век поседува само 85 книги со религиозна содржина. Класичните дела, во овој манастир (исто како и во останатите манастири) го здогледале светлото на денот дури во 15 век
Манастирот Ројхенау се наоѓа во подобра позиција. Во него, во 19 век егзистирала школата за писари и илуминатори, а уште во 11 век поседувал библиотека со значителен книжен фонд.
Во бискупските цркви со своите библиотеки се истакнувале црквите во Мајнц, Кели, Шпајер, Вормс и Стразбург. Меѓу најзначајните катедрални библиотеки во Германија ќе ја спомeнеме библиотеката во Бамберг основана во почетокот на XI век. Од оваа библиотека зачуван е и каталогот од XII век во кои можеме да откриеме дека библиотеката располагала со значителен број на дела од световен карактер.
Норманските напади врз Франција во IX век им нанеле големи штети на нејзините манастири и библиотеки. Единствено својата активност ја продолжиле манастирите во Клиниј и Париз. Според зачуваниот каталог од XII век, манастирската библиотека во Клиниј се наоѓале 570 книги. Значајно е тоа што тие го превеле и Куранот со цел да им помогне во теолошката борба со исламот.
Манастирот Флери располагал со богата библиотека (X век) која поседувала и колекција на дела од класичните автори. Во него активно работел скрипториум чии ракописни кодекси биле испратени и во манастирите надвор од границите на француските земји.
Овој манастир е познат и значаен за културата и културниот развој во северна Европа бидејќи недвосмислено претставувал средиште и жариште на културата во овој дел на средновековна Европа.
Манастирот Корби лоциран во североисточна Франција, во периодот од XI-XIII век се истакнувал со своето културно живеење. Во XII век, манастирот Корби прераснал во значаен културен центар кои поседувал и значаен фонд на дела со световни содржини, поседувал голем број на каталози, позајмувал книги со определен залог и т.н.
Најголема катедрална библиотека на француските земји на XI век се наоѓала во Шартр. Библиотеката располагала со значителен книжен фонд со многу религиозни дела, но и со дела на класиците, а покасно и со световни дела. При катедралата функционирала угледна школа во која доаѓале студентите од цела Франција. Фондот на библиотеката се зголемувал до XII век (најповеќе со помош на поклони), но кон крајот на XII век нејзиниот фонд бил збогатен со многубројни световни дела. Исто така, во Париз во овој период, поголем број од манастирите располагаат со значителни библиотечни збирки, дури и збирки на дела на старогрчки јазик (опатијата Св. Дени) и манастирот Св. Геновева во кој се наоѓале дела на класичните автори.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Во период од XI –XV век настапуваат значајни трансформации во севкипниот културен живот и амбиент во рамките на феудалното општество во европа. Во овие новонастанати историски општествени околкности доаѓа до забрзан развој на старите градови во Европа, посебно во Италија ( најзначајно во Северна Италија) Јужна Европа, Русија , со што се подигнува на повисоко ниво и квалитетот на нивното економско и културно живеење. Европските градови биле изложени на силно културно влијание од контактите со повисоката материјална и духовна култура која низ вековите се развивала на Исток, посебно културното наследство на византија, средновековна Русија, а подоцна на Османлиското царство и други културни центри на Истокот. Со тоа почнува и развојот на специфичната градска култура во новиот културен амбиент кои ги заплисна средновековните европски градови. Посебен белек во тој период дава раната градска култура и појавата на новите видови градски, нецрковни училишта и универзитети (попсебно универзитетите во Италија, Оксфорд – Англија, Париз а подоцна во Прага, Краков и други европски центри).Значајно место во средновековното културно живеење од IX  до крајот на XIII векзавземаат и манастирите после каролинскиот период во кои егзистираат манастирските и црковните библиотеки и покрај нивниот определен застој во каролинскиот период. Манастирските библиотеки во средновековна Европа постануваат значајни жаришта и центри на културата и културниот развој во тогашна Ебропа.Нивните библиотеки поседувале значајни колекции на дела од световен карактер покрај кногите со религиозна содржина, врвни дела од античките филозофи и мислители значајни дела на познатите класици, збирки на дела на старогрчки јазик, дури има и превод на Куранот кои им служи за теолошка борба со

Исламот. Развојот на библиотеките и библиотечните збирки во новоформираните универзитети во Средновековна Европа и богатите манастирски и црковни збирки во нивните библиотеки даваат силен печат во новиот бран на културното ѓивеење во Европа. Тоа се новите културни јадра и цврср културен и образовен фундамент за нивен процут и понатамошен развој и понатамошен развој на цивилизациско живеење во новите европски историски епохи кои ќе следат во понатамошниотзначаен цивилизациски културен период на развојот на културна европа до денес.

**ЛИТЕРАТУРА**

Бжурашинович, Б., (2014). Књижна култура Арапа у средњем веку. Читалиште
Вернадски, Г., (2014). Кијевска Русија. Утопија.
Видоевиќ, Д., (1964). Општа историја библиотека. Сарајево. Завод за издавање уђбеника.
Ивошевич, Д., (2017). Историја Библиотека: Од њиховог настанка до епохе хуманизма и ренесансе. Библиотекар.
Кирова, Е., (1975). Историја на библиотеките - наука и искуство. Софија. Издателство наука и искуство.
Кирова, Е., (1975). История на библиотеките. София. Издателство наука и искуство.
Котовчевска, С. (2011). Библиотеките во стариот и средниот век. Скопје. Бомат графикс.
Котовчевска, С., (2018). Библиотеките низ вековите. Скопје.
Станковиќ, В., (2014). Путовање кроз Византија. Службени гласник.
Стокич Симончич, Г., (2017). Библиотека кроз време. Београд: Филолошки факултет.
https://mk.wikipedia.org/wiki/Руска_државна_библиотека
https://www.youtube.com/watch?v=QByfrE0XxiY
https://www.youtube.com/watch?v=QByfrE0XxiY
http://eprints.rclis.org
www.bl.uk
www.loc.gov
www.nypl.org